# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр.03-1845/1

Скопје 29.03.2019г.

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Седми седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува седмиот седмичен извештај за периодот од 22 до 28 март 2019 година.

Во рамки на овој извештај ве известуваме за следново:

- Советот на Агенцијата на 15 седница одржана на 29 март усвои Упатство за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за Претседателските избори и за Локалните избори во Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година. Упатството е достапно на веб страницата на Агенцијата.

- Истиот ден, во просториите на Агенцијата, се одржа првиот јавен состанок за 2019 година, кој беше посветен на правилата од Изборниот законик за изборно медиумско претставување за време на изборните кампањи во 2019 година.

- Исто така, Агенцијата ги заврши подготовките за мониторинг на периодот на изборна кампања. За овој процес, освен досегашните 7, ќе бидат ангажирани уште 10 надворешни соработници.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

..............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**